Врз основа на член 84-б став (5) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 42/20), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ИЗВЕШТАЈ СО СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА ТРАНСАКЦИСКАТА СМЕТКА ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА И ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНИ ДОНАЦИИ НА ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНА КАМПАЊА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот за извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања и извештај за примени донации на трансакциска сметка за финансирање на изборна кампања.

### Член 2

Приходите и расходите на трансакциската сметка за изборната кампања и примените донации на трансакциска сметка за финансирање на изборна кампања се внесуваат на образец „Извештаи за изборна кампања“, во А-4 формат, на бела хартија, кој на задната страна содржи Упатство за начинот на пополнување на извештаите за изборна кампања, даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за образецот за финансиските извештаи со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 65/19).

### Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број 13-3041/1
20 март 2020 година
Скопје

Министер за финансии
д-р Нина Ангеловска, с.р.